АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.10.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6138 | 1 | |


До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на дневните весници „Дневник", „Вест", „Утрински весник" и „Македонски спорт, Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на дневниот весник „Нова Македонија", Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на дневниот весник „Слободен печат", Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на дневниот весник „Вечер", Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на дневниот весник „Коха", Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на неделниот весник „Капитал", Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Фокус", Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Република", Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на неделниот весник „Битолски весник" и Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на дневниот весник „Лајм", и тоа:

   2.1. изданијата од 26 октомври 2015 година на дневните весници „Дневник" бр.5898, „Вест" бр.4603, „Утрински весник" бр.4916, „Македонски спорт" бр.5269, „Нова Македонија" бр.23597, "Слободен Печат" бр.601, „Вечер" бр.15995 и „Коха" бр.2619;

   2.2. изданието од 22-26 октомври на дневниот весник „Лајм" бр.2971;

   2.3. изданијата од 23 октомври 2015 година на неделните весници „Капитал" бр.834 и „Фокус" бр.1046, „Република" 164 и

   2.4. изданието од 21 октомври 2015 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2629/30.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според која

*„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:**

5.1. Со надзорот е констатирано дека сите издавачи на печатени медиуми кои беа предмет на овој надзор <u>во целост ја исполнија обврската</u> од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

5.2. Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2015 година, предвидено е третиот редовен административен надзор над работата на издавачите на печатени медиуми во врска со почитувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми да се изврши во октомври 2015 година. Во таа насока, на 14.10.2015 година беше извршен редовен административен надзор со кој беа опфатени вкупно 13 печатени медиуми, и тоа: изданијата за месец септември 2015 година на магазините „Спорт бокс" бр.8, „Авто плус" бр.254, „Моја земја" бр.117, „Направи сам" бр.13 и „Економија и бизнис" бр.207; изданијата за месец октомври 2015 година на магазините „ГТА" бр.56, „Убавина и здравје" бр.89, „Auto Focus" бр.97, „Играј" бр.15, „Unique" бр.70, „Испрати рецепт" бр.57 и „Теа модерна" бр.781; и изданието за октомври/ноември 2015 година на магазинот „Торти и колачи" бр.22. Беше констатирано дека сите во целост ја исполнија обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

**5.3. Следните печатени медиуми се евидентирани во Регистарот на издавачи на печатени медиуми, но не беа предмет на надзор поради тоа што:**

- За време на вршењето на редовниот административен надзор не беа издадени нови броеви на магазините <u>„Мајка и бебе"</u> и <u>„Живот на дланка"</u>, а на постоечките Агенцијата претходно изврши надзор, и тоа на магазинот „Мајка и бебе" бр.28 изврши редовен надзор на 10 август 2015 година, а на магазинот „Живот на дланка" бр.45 изврши контролен надзор на 9 јуни 2015 година. На 26.10.2015 година, Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје телефонски ја извести Агенцијата дека е направена пауза во издавањето на овие магазини поради одредени промени во кадарот кој ги подготвува.

- На 26.10.2015 година, Друштвото за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје, издавач на магазинот <u>„Емитер"</u>, телефонски ја извести Агенцијата дека последниот број од овој магазин излезе во месец март и дека не можат со сигурност да кажат кога ќе излезе наредното издание. На последниот број од овој магазин (бр.195) беше спроведен контролен административен надзор на 13 март 2015 година.

- На 26.10.2015 година, Трговското друштво за трговија и услуги ИД АНА ДООЕЛ увоз-извоз Охрид, издавач на магазинот „Магазин ИН“, телефонски ја извести Агенцијата дека во 2015 година не е издаден ниту еден број од овој магазин и дека новиот број се планира да излезе кон крајот на 2015 година или на почетокот на 2016 година.

- На 22.10.2015 година, Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Свет“, телефонски ја извести Агенцијата дека издавањето на овој печатен медиум засекогаш е прекинато.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***